20252584976

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за полиција,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 17 декември 2025 година.

Бр. 08-7174/1
17 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА

Член 1

Во Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ број 114/2006, 148/2008, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ број 294/21, 89/22 и 160/25), во членот 17 по зборот „Македонија“ запирката се заменува со сврзникот „и“, а зборовите: „и регионалните центри за гранични работи“ се бришат.

Член 2

Во член 69-б во ставот 4 алинејата 5 се менува и гласи:
„- евиденција на издадени записници за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог,“.

Член 3

Во член 101 зборовите: „се зголемува за 30%“ се заменуваат со зборовите: „се утврдува согласно со закон“.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 13 мај 2026 година, освен одредбата од членот 2 која ќе започне да се применува од 1 февруари 2026 година.